Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24 ), член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден 28.05.2025 година, донесе

# ОДЛУКА

## за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.1 и ГП 7.2 од Блок 7 согласно ДУП „Измена и дополнување на дел од ДУП Димитар Влахов“ Општина Велес

**Член 1**

Се утврдува урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.1 и ГП 7.2 од Блок 7 согласно ДУП „Измена и дополнување на дел од ДУП Димитар Влахов“ - Општина Велес, согласно Законот за урбанистичко планирање, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), со вкупна површина од 497,74 м².

**Член 2**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 7.1 и ГП 7.2 од Блок 7, согласно ДУП „Измена и дополнување на дел од ДУП Димитар Влахов“ –Општина Велес, изработен од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, со тех бр 0211-10/24-1 од Октомври 2024 година, ревидиран од „НИМАЕР“ ДООЕЛ Скопје, со тех.бр. 03-434/24 од Декември 2024 год.

**Член 3**

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 7.1 и ГП 7.2 од Блок 7 согласно ДУП за измена и дополнување на ДУП Димитар Влахов дел, Велес – Општина Велес.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3016/10
28.05.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Marko Kolev
Digitally signed by Marko Kolev
Date: 2025.06.20 09:13:23 +02'00'

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за урбанизам и
- Списи и архива.